Врз основа на член 20 став 1 од Законот за Бирото за развој на образованието („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/06, 142/08, 148/09, 69/13, 120/13, 148/13, 41/14, 30/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 74/25) и член 22 и 30 од Правилникот за внатрешна организација во Бирото за развој на образованието бр. 01-970/1 од 18.06.2015 година, бр. 01-1592/1 од 17.11.2021 година и бр. 01-2036/1 од 9.11.2022 година, а во врска со член 22 од Законот за средното образование (Врз основа на член 22 став 7 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/2020 и 78/2025), директорот на Бирото за развој на образованието го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Со ова решение се усвојува Упатството за остварување на превентивни програми во средните училишта: заштита од насилство, дискриминација, злоупотреба на психоактивни супстанци и малолетничка деликвенција.
2. Упатството да биде доставено до средните училишта и да се објави на интернет страницата на Бирото.
3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## *О б р а з л о ж е н и е*

На Стручниот колегиум одржан на 06.11.2025 година од страна на раководителот на секторот за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми предложи да се изработи Упатството за остварување на превентивни програми во средните училишта: заштита од насилство, дискриминација, злоупотреба на психоактивни супстанци и малолетничка деликвенција. Врз основа на предлогот беше изготвено задолжение бр. 02-1408/1 од 10.11.2025 година за изработка на упатството. Откако беше изработено, упатството беше доставено до директорот на Бирото за негово разгледување и понатамошно постапување.

Имајќи го предвид горeизнесеното се донесе решение како во диспозитивот.

ДИРЕКТОР

м-р Милка Трајчевска

ДОСТАВЕНО ДО:
- Сектор за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми
- архивата на Бирото

Изготвил: Марија Исовска
Контролирал: м-р Мирјанче Милошевска
Одобрил: м-р Митко Чешларов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 02-1408/2
14.11.2025 год./v.
СКОПЈЕ - SHKUP

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# УПАТСТВО

за остварување на превентивни програми во средните училишта: заштита од насилство, дискриминација, злоупотреба на психоактивни супстанци и малолетничка деликвенција

Скопје, ноември 2025

## Упатство за остварување на превентивни програми во средните училишта:

## заштита од насилство, дискриминација, злоупотреба на психоактивни супстанци и малолетничка деликвенција

### I. ВОВЕД

Средните училишта, согласно одредбите од Законот за средно образование, имаат обврска да спроведуваат програми насочени кон заштита и унапредување на благосостојбата на учениците. Овие програми опфаќаат:

- заштита на учениците од насилство, злоупотреба и запуштање;
- спречување на сите форми на дискриминација
- како и превенција од употреба на алкохол, пушење, учество во игри на среќа, злоупотреба на дроги и други психотропн супстанции малолетничка деликвенција

Со цел да се обезбеди усогласен, системски и ефикасен пристап во спроведувањето на овие активности на ниво на сите средни училишта, се донесува ова Упатство за реализација на програмите.

Упатството служи како стручна и методолошка поддршка за наставниците, стручните служби и раководните структури во училиштата при планирање, организација, реализација и следење на програмите.

### Цели на упатството

Ова упатство има за цел да:

- обезбеди стручна и методолошка поддршка на воспитно-образовниот кадар во училиштето при спроведувањето на програмите, со цел да се обезбеди системски, координиран и усогласен пристап во нивната реализација на ниво на сите средни училишта;

- даде јасни насоки за организацијата и начинот на реализација на програмите;

- утврди и прецизира улоги, надлежности и одговорности на сите учесници во процесот - директорот, стручната служба, наставниците, родителите и учениците;

- понуди насоки и препораки за избор, планирање, организација, реализација, следење, евидентирање и евалуација на активностите што се спроведуваат во рамките на превентивните програми.

## II. ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

### 1.1 Поим и значење на превентивните програми

Превентивните програми претставуваат систематски и организирани активности насочени кон рано препознавање и спречување на појавата на ризични однесувања, насилство, злоупотреба на супстанци, дискриминација и други појави кои негативно влијаат врз развојот и благосостојбата на учениците.

Основната цел на програмите е да придонесат кон создавање безбедна, инклузивна и поддржувачка училишна средина, во која се промовираат вредностите на почитување, толеранција, емпатија, одговорност и здрав начин на живот.

Програмите се засноваат на следниве принципи:

- **Превенција** - спречување на појава на ризични ситуации и однесувања;-
- **Рана интервенција** - навремено препознавање и дејствување во случаи на ризик;
- **Инклузија** - вклучување на сите ученици, без оглед на нивните индивидуални разлики;
- **Мултисекторска соработка** - вмрежување и заедничко делување на различни институции и засегнати страни.

Превентивните програми претставуваат и практична примена на законските одредби во областа на заштитата и благосостојбата на учениците, со цел поддршка на нивниот севкупен развој.

### 1.2 Цели и очекувани резултати

**Општа цел**

Главната цел на Програмите е унапредување на безбедноста, психосоцијалната поддршка и општата благосостојба на учениците.

**Посебни цели**

Со спроведување на Програмитее се предвидува остварување на следниве посебни цели:

- *Воспоставување ефикасен систем за превенција и заштита*, (превенција и рано препознавање на насилство, злоупотреба, запуштање и дискриминација во училиштата).

- *Развивање позитивна и безбедна училишна клима,* (поттикнување, почитување на човековите права, прифаќање на различностите и меѓусебна толеранција).
- *Унапредување на емоционалната писменост и социјалните вештини,* (зајакнување на самопочитта, емпатијата и личната одговорност кај учениците).
- *Промоција на здрави животни стилови,* (намалување на ризикот од употреба и злоупотреба на алкохол, тутун, дроги и други психотропни супстанци).
- *Спречување на ризично и деликвентно однесување,* (контролирање на учество во игри на среќа, криминални активности и други форми на малолетничка деликвенција).
- *Јакнење на улогата на училиштето како заштитен фактор,* (поддршка на развојот и безбедноста на младите во училишната заедница).
- *Поттикнување активно учество на учениците,* (вклучување во креирање и реализација на активности за безбедна, инклузивна и поддржувачка средина).
- *Развивање соработка со родителите и локалната заедница,* (заедничко делување со релевантните институции и организации во насока на превенција и заштита).

**Очекувани резултати и придобивки**

Со примена на превентивните програми, училиштето ја зајакнува својата воспитно-образовна и заштитна улога, обезбедувајќи:

- создавање услови за целосен психофизички, социјален и емоционален развој на учениците;
- поттикнување на одговорно, емпатично и толерантно однесување;
- вклучување и активно учество на учениците во создавање и одржување на позитивна и безбедна училишна заедница;
- унапредување на соработката и комуникацијата меѓу учениците, наставниците и родителите.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА И НАЧИНИ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ

### 1. Формирање и состав на училишниот тим

За ефикасна реализација на превентивните програми, се формира мултидисциплинарен тим кој ги координира активностите, обезбедува стручна поддршка и овозможува инклузивен пристап во работењето со учениците. Тимот ги вклучува претставниците од сите релевантни училишни и надворешни структури, со цел да се обезбеди целосна имплементација на поставените цели.

**Тимот го сочинуваат:**

- директорот на училиштето (претседател),
- педагогот и/или психологот,
- претставник на наставничкиот совет,
- претставник на советот на родители,
- претставник на ученичкиот совет,
- доколку е потребно, претставници од други стручни профили или локални институции (ЦСР, МВР, здравствена установа, НВО и др.).

**Задачи на тимот:**

Тимот за реализација на превентивните програми има клучна улога во организацијата, координацијата, спроведувањето и следењето на активностите во училиштето. Неговата улога е да обезбеди ефикасна имплементација на програмите, континуирано унапредување на активностите и координација меѓу сите учесници во процесот.

За остварување на овие задачи, тимот ги извршува следните активности:

- изработување и усвојување на годишен план за реализација на програмите;
- координација на активностите и распределба на одговорностите меѓу учесниците;
- следење и документирање на спроведените активности;
- подготовка на периодични и годишни извештаи за остварените резултати;
- соработка и кординација со надворешни институции и организации за подобрување на програмите;
- предлагање мерки за унапредување на заштитните и превентивните активности.

## 2. Обврски на учесниците во процесот

За успешна реализација на програмите за заштита и превенција, неопходна е активна и координирана улога на сите учесници. Јасното дефинирање на обврските овозможува навремено и ефективно делување, прецизна распределба на одговорностите и обезбедување поддршка за учениците во различни ситуации на ризик.

### 2.1. Директор

Директорот има клучна улога во обезбедување на услови и ресурси за спроведување на програмите. Неговиот ангажман обезбедува функционалност на тимот и координација на активностите. Обврските на директорот вклучуваат:

- обезбедување услови за работа на тимот;
- одобрување на планови и извештаи;
- следење на текот на реализацијата и обезбедување поддршка на вработените и учениците.

### 2.2. Стручна служба

Стручната служба е одговорна за советодавна и превентивна работа, како и за поддршка на наставниот кадар и учениците. Нивните обврски се:

- организирање и водење индивидуални и групни разговори со ученици;
- советување на наставници и родители во препознавање на ризични ситуации;
- поддршка во креирање и спроведување на превентивни активности и кампањи.

### 2.3. Наставници

Наставниците се директни реализатори на превентивните содржини во наставата и училишните активности. Тие имаат обврски да:

- интегрираат содржини за заштита и превенција во наставата;
- поддржуваат ученици во справување со конфликти и ризични ситуации;
- следат и евидентираат инциденти и ризични однесувања;
- учествуваат во организирање на кампањи, дебати и едукативни активности.
- соработуваат со стручната служба

### 2.4. Ученици

Учениците се активни учесници во креирањето и реализацијата на програмите. Тие:

- учествуваат во ученичкиот совет, клубови и волонтерски активности;
- организираат и спроведуваат врснички медијации и кампањи;
- подготвуваат едукативни материјали и учествуваат во промотивни активности за безбедна и инклузивна средина.

### 2.5. Родители/старатели

Родителите имаат значајна улога во поддршката на превентивните активности и воспитувањето на позитивни вредности. Тие:

- соработуваат со училиштето и стручната служба;
- учествуваат во работилници за препознавање на знаци на насилство и ризично однесување како и во други едукативни активности;

- поддржуваат активности и иницијативи на учениците за здрави навики и безбеден развој.

**3. Планирање и вклучување во годишната програма на училиштето**

Сите активности поврзани со реализацијата на програмите задолжително се планираат во:

- годишната програма за работа на училиштето;
- годишниот план на стручната служба (педагог/психолог);
- планот за работа на ученичкиот совет и советот на родители.

Активностите треба да бидат усогласени со возраста, потребите и интересите на учениците и да ги почитуваат принципите на инклузивност, еднаквост и учество.

**4.Форми и начини на реализација**

Реализацијата на програмите за заштита и превенција се одвива преку разновидни форми на работа, кои овозможуваат интегрирање на превентивните содржини во воспитно - образовниот процес и секојдневното училишно функционирање. Овие форми се насочени кон активно вклучување на учениците, наставниците, родителите и стручната служба, како и кон соработка со надворешни институции и организации. Целта е да се обезбеди систематска, континуирана и сеопфатна примена на програмите, прилагодена на возраста, потребите и специфичностите на учениците.

Програмите се реализираат преку следните форми:

а) наставни активности
б) воннсатавни активности
в) советодавана работа
г) соработка со родители/старатели
д) соработка со институции и организации
ѓ) едукација за вработените

**а) Наставни активности**

Наставните активности претставуваат основна форма преку која се реализираат содржините на програмите за заштита и превенција. Превентивните и воспитни теми се интегрират во рамките на задолжителните и изборните предмети, преку соодветни наставни содржини, дискусии, проекти, истражувања и практични задачи. Целта е

учениците да стекнат знаења, ставови и вештини за препознавање и справување со ризични ситуации, зајакнување на личната одговорност, емпатија, меѓусебно почитување и промовирање здрави и безбедни животни навики.

Наставните активности се реализираат преку различни облици на работа, меѓу кои:

- Интегрирање на теми поврзани со насилство, дискриминација, здрави навики и одговорно однесување во наставните предмети, на пример (социологија, граѓанско образование, биологија, филозофија, психологија, физичко образование, уставно право и др.);
- примена на интердисциплинарен пристап, преку анализи, дебати, истражувачки и проектни активности, како и тематски часови насочени кон решавање на реални животни ситуации;
- Развивање на критичко мислење, емпатија, комуникациски и социјални вештини, кои придонесуваат кон градење на позитивна и безбедна училишна клима.

**б) Вонаставни активности**

Вонаставните активности претставуваат значаен дел од воспитно - образовниот процес и придонесуваат за унапредување на училиштната клима, личниот развој и социјалната одговорност на учениците. Тие овозможуваат учениците на креативен и практичен начин да ги применат стекнатите знаења, да развиваат меѓусебна соработка, толеранција и почитување на различностите.
Преку овие активности се поттикнува активно учество, тимски дух и промовирање позитивни вредности во училиштето и заедницата.

Во рамките на вонаставните активности се резлизираат:

- работилници, трибини, јавни настани, кампањи и тематски недели;
- спортски, културни и хуманитарни активности за промоција на здрави вредности;
- форум-театари, дебати, ученички иницијативи и натпревари со воспитно-образовна цел.
- се формираат ученички клубови (клуб за толеранција, здрав живот, безбедно користење интернет, волонтерски клуб и др.);

**в) Советодавна работа**

Советодавната работа претставува суштински дел од системот за поддршка на учениците и има превентивна, развојна и интервенциска функција.

Таа се спроведува со цел навремено препознавање и надминување на потешкотии во однесувањето, учењето и меѓучовечките односи, како и зајакнување на личниот и социјалниот развој на учениците. Преку индивидуален и групен пристап, се обезбедува поддршка, насочување и поттикнување на учениците кон позитивни избори и одговорно однесување.

Во рамките на советодавната работа се реализираат:

- индивидуални и групни разговори со ученици кои се изложени на ризик или покажуваат знаци на проблематично однесување;
- групни работилници за развивање на емоционална интелигенција, справување со стрес и врснички притисок;
- поддршка и насочување на учениците кон позитивни избори и одговорно однесување.

**г) Соработка со родители/старатели**

Соработката со родителите и старателите претставува значаен аспект од програмите за заштита и превенција, бидејќи обезбедува континуитет на воспитно - превентивните активности и ја зајакнува безбедноста и благосостојбата на учениците. Вклучувајќи ги родителите во процесот, училиштето создава партнерство кое овозможува навремено препознавање на ризици, поддршка за правилно однесување и развој на позитивни вредности кај учениците.

Во рамките на оваа соработка се реализираат:

- информативни и едукативни трибини, на кои родителите добиваат знаења за превенција на насилство, дискриминација, злоупотреба на алкохол, тутун и дроги, како и други ризични однесувања;
- работилници и едукативни активности за родителите, со цел подобрување на комуникацијата со децата, развивање на емоционална интелигенција и превенција на конфликти;
- редовна размена на информации помеѓу училиштето и родителите за напредокот, потребите и предизвиците на учениците;
- вклучување на родителите во организирање на превентивни активности, волонтерски и хуманитарни настани, кампањи и едукативни проекти;
- консултации и заедничко постапување во случаи на ризично однесување или социјални и емоционални проблеми кај учениците.

## д) Соработка со институции и организации

За успешна реализација на програмите за заштита и превенција, соработката со надворешни институции и организации е клучна, бидејќи обезбедува дополнителни ресурси, експертиза и поддршка во справувањето со ризични ситуации. Вклучувањето на релевантни партнери овозможува системски пристап кон превенцијата, заштитата и интервенцијата, како и јакнење на заедничката одговорност на училиштето и заедницата.

Во рамките на оваа соработка се реализираат:

- консултации и обуки од стручни лица од центри за социјална работа, здравствени установи, МВР, невладини организации и други релевантни институции;
- заеднички акции и кампањи за превенција на насилство, злоупотреба, дискриминација и ризично однесување;
- поддршка при интервенција во критични ситуации, вклучувајќи семејни консултации, менторство и превентивни програми;
- размена на информации и ресурси за идентификување на ризични ученици и развивање на ефикасни стратегии за превенција;
- заеднички проекти и иницијативи кои промовираат безбедна и поддржувачка средина за учениците, како и развој на социјална одговорност и солидарност во заедницата.

## ѓ) Едукација на вработените

Едукацијата на вработените е клучна за ефективна реализација на програмите за заштита и превенција. Континуираното стручно усовршување овозможува наставниците и стручните соработници да препознаваат ризични ситуации, да интервенираат навремено и да обезбедат соодветна поддршка на учениците.

Во рамките на едукацијата се реализираат:

- континуирани обуки, семинари и стручни средби за наставниците и стручните соработници со фокус на превенција на насилство, дискриминација, злоупотреба и ризично однесување;
- развивање на капацитети за препознавање, интервенција и поддршка при ризично однесување на учениците при различни форми на ризично однесување кај учениците;

- споделување на добри практики и интердисциплинарна соработка, за унапредување на колективниот пристап кон безбедната и поддржувачка училишна средина;
- презентации и работилници со надворешни експерти од областа на психологија, социјална работа, безбедност и здравствена превенција;
- развој на методички и практични материјали за употреба во наставата и во активностите за поддршка на учениците.

### 5. Улога на учениците во реализацијата на програмите

Учениците се активни учесници во сите фази на реализацијата на програмите и придонесуваат за создавање на безбедна, поддржувачка и здравствено одговорна средина во училиштето. Нивната улога се остварува преку различни форми на вклученост:

- **Ученички совет** – учествува во предлагање, следење и оценување на активностите, со цел нивно подобрување и прилагодување на потребите на учениците.
- **Ученички клубови и врсничка медијација** – поттикнуваат врсничка поддршка, промовираат позитивни вредности и овозможуваат учениците самите да решаваат конфликти.
- **Волонтерски и хуманитарни активности** – ја развиваат социјалната одговорност, солидарноста и активното граѓанство кај учениците.
- **Креативни проекти и кампањи** – вклучуваат изработка на постери, видеа, истражувања и презентации со цел промоција на здрави и безбедни навики и креирање на позитивна училишна клима.

Со овие активности, учениците не само што учествуваат, туку и активно влијаат на ефикасноста на програмите и јакнењето на училиштната заедница.

## IV. СОДРЖИНА И ОБЛАСТИ НА ПРОГРАМИТЕ

Програмите за заштита и превенција во средните училишта опфаќаат три основни области кои се меѓусебно поврзани и насочени кон создавање безбедна, поддржувачка и инклузивна училишна средина.

Секоја програма има за цел да обезбеди системски пристап кон рано препознавање, превенција и интервенција во ситуации на ризик, како и да придонесе кон личен, социјален и емоционален развој на учениците.

Областите ги опфаќаат следниве програми:

1. Програма за заштита од насилство, злоупотреба и запушатње на учениците;
2. Програма за спречување на дискриминација;
3. Програма за превенција од употреба на алкохол, пушење, учество во игри на среќа, злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци и малолетничка деликвенција

Секоја од овие програми содржи конкретни цели, активности и механизми за следење, насочени кон унапредување на безбедноста, здравјето и благосостојбата на учениците, како и за поттикнување на соработка меѓу училиштето, семејството и заедницата.

Во прилог на ова упатство е дадена структурна рамка за изгледот и содржината на секоја програма

## 1. Програма за заштита од насилство, злоупотреба и запуштање на учениците

Оваа програма има за цел да обезбеди безбедна и поддржувачка средина за сите ученици преку рано препознавање и спречување на различни облици на насилство - физичко, психичко, сексуално и сајбер насилство. Активностите се насочени кон развивање на емпатија, почитување, ненасилна комуникација и справување со конфликти. Програмата ги опфаќа и родителите, наставниците и стручната служба, со цел воспоставување координиран систем на заштита и поддршка.

Активностите вклучуваат:

- интегрирање на содржини за ненасилна комуникација, емпатија и почитување на различности во наставните и вонnаставните активности;
- организирање работилници за препознавање и спречување на физичко, психичко, сексуално и сајбер насилство;
- спроведување превентивни кампањи и тематски недели посветени на безбедноста и толеранцијата;
- формирање ученички тимови за врсничка медијација и промоција на позитивни односи во училиштето;
- советодавна работа со ученици кои се жртви, сведоци или потенцијални извршители на насилство;
- едукација на наставници и родители за препознавање знаци на насилство и постапување при сомнеж за злоупотреба или запуштање;
- соработка со Центар за социјална работа, МВР и здравствени установи во случаи на интервенција и поддршка.

**2. Програма за спречување дискриминација**

Оваа програма е насочена кон развивање култура на еднаквост, инклузија и почитување на различностите, со цел да се обезбеди училишна средина во која секој ученик има еднакви можности за учење и развој.

Активности во рамките на програмата:

- интегрирање на содржини за човекови права, еднаквост и недискриминација во наставните и воннаставните активности;
- работилници за препознавање стереотипи и предрасуди, развивање на емпатија и прифаќање на различностите;
- организирање на дебати, форум-театар, изложби, културни и мултикултурни настани за промоција на толеранција;
- активности за поддршка и инклузија на ученици со попреченост и ученици од ранливи категории;
- кампањи против говор на омраза и дискриминација на социјални мрежи;
- соработка со локални заедници, културни институции и организации за промоција на интеркултурен дијалог;
- едукација на вработените и родителите за препознавање и справување со дискриминаторски однесувања.

**3. Програма за превенција од употреба на алкохол, пушење, учество во игри на среќа, злоупотреба на droги и други психотропни супстанци и малолетничка деликвенција**

Оваа програма има за цел да го намали ризичното однесување кај учениците преку рано препознавање, превенција и едукација за штетните последици од алкохол, цигари, дроги, психотропни супстанци, како и учество во игри на среќа и други облици на малолетничка деликвенција, како и јакнење на свеста за штетноста од употреба на психоактивни супстанци и развивање на здрави животни навики кај учениците.

Програмата промовира здрави стилови на живеење, правилни избори, одговорно однесување и развивање на вештини за одбивање притисок од врсници. Активностите се спроведуваат преку учениците, наставниците, стручната служба и родителите, во соработка со релевантни институции и организации.

Активности вклучуваат:

- интегрирање едукативни содржини во наставата поврзани со штетноста од употреба на алкохол, пушење, дроги и психотропни супстанци.
- организирање работилници и предавања за ризиците од алкохол, никотин, дроги, коцкање и други зависности.
- тематски часови и работилници за ризиците и последиците од учество во игри на среќа и незаконски активности;
- форум-театар, симулации и дебати за донесување одговорни одлуки и справување со врснички притисок;
- промоција на култура на законитост, одговорност и почитување на правата на другите;
- спроведување превентивни кампањи и тематски недели за промоција на здрави навики, спорт, правилна исхрана и лична одговорност.
- јакнење на социјални и комуникациски вештини кај учениците: одолевање на притисок, асертивно однесување и донесување здрави избори.
- советодавна и индивидуална работа со ученици со ризично однесување или со изразена потреба од поддршка како и работа со ученици кои покажуваат знаци на импулсивно или агресивно однесување
- вклучување на родители во едукативни средби за препознавање на рани знаци на зависност и начини на поддршка на нивните деца.
- обуки за наставници за препознавање рани знаци на зависност и навремена интервенција.
- соработка со здравствени установи, експерти и центри за превенција на зависности;
- организирање и поттикнување на спортски, културни и волонтерски активности како алтернатива на ризични оденсувања и позитивни форми на слободно време;
- изработка на училишен Кодекс на одговорно однесување, усвоен од ученичкиот совет;
- соработка со МВР, локални институции и социјални служби за рано препознавање и спречување на малолетничка деликвенција.

## V. СЛЕДЕЊЕ, ЕВАЛУАЦИЈА И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Следењето и евалуацијата се клучни процеси за обезбедување континуиран квалитет, ефикасност и одржливост на програмите за заштита и превенција во училиштата. Преку систематско следење се овозможува навремено прилагодување на активностите според потребите на учениците и реалните услови во училиштето.

**1. Следење на реализацијата**

Следењето на реализацијата на програмите се спроведува континуирано во текот на учебната година и опфаќа:

- редовно евидентирање на сите реализирани активности (работилници, трибини, кампањи, советувања и др.);
- водење на дневник или регистар на активности во рамки на секоја програма;
- собирање на податоци за вклученост на учениците, наставниците и родителите;
- редовни состаноци на тимот за координација, на кои се разгледува динамиката на спроведување и се предлагаат корективни мерки доколку има потреба.

Стручната служба (педагог/психолог) врши тековно следење на ефектите од активностите и обезбедува поддршка при интервенции во конкретни случаи.

**2. Евалуација на програмите**

Евалуацијата се спроведува на крајот од секое полугодие и на крајот од учебната година и има за цел да ја оцени ефективноста и резултатите од реализацијата.

**Методи на евалуација:**

- анкетирање и интервјуирање на ученици, наставници и родители;
- анализа на извештаи, белешки и записници од реализираните активности;
- набљудување на промените во однесувањето и климата во училиштето;
- проценка на реализацијата според поставените цели и индикатори на успех (учество, задоволство, резултати, позитивни промени).

Тимот за координација подготвува евалуациски извештај, кој содржи:

- опис на спроведените активности;
- анализа на резултатите и ефектите;
- идентификувани предизвици и препораки за подобрување;
- предлог - план за следната учебна година.

**3. Известување и документација**

Секое училиште е должно да води евиденција и документација за сите активности спроведени во рамките на програмите, која вклучува:

- записници од состаноци на тимот;
- листи на присутни во рамки на активностите;
- фото – документација;
- копии од материјали, постери, видеа и слично;
- индивидуални и групни извештаи на стручната служба.

На крајот од учебната година училиштето изготвува годишен извештај за реализација на програмите во склоп на годишниот извештај за работа на училиштето.

Во подготовката на извештаите се вклучуваат и учениците, преку ученичкиот совет кој доставува свои предлози, забелешки и оценка за спроведените активности.

## 4. Користење на резултатите од евалуацијата

Резултатите од следењето и евалуацијата се користат за:

- подобрување на идното планирање на активностите;
- развивање на нови превентивни и едукативни пристапи;
- јакнење на капацитетите на наставниците и стручната служба;
- подобрување на климата во училиштето и зајакнување на чувството на припадност кај учениците.

**ПРИЛОГ:**

**РАМКА ЗА ПРОГРАМА**

Програмите за заштита од насилство, злоупотреба и запуштање на ученици, програми за спречување дискриминација и програма за превенција од употреба на алкохол, пушење, учество во игри на среќа, злоупотреба на дроги и други психотропни супстанции и малолетничка деликвенција се структурирани согласно следната рамка:

**Секција 1: Усогласеност на програмата со законските одредби**

Краток опис (100-150 зборови) на усогласеноста на предложената програма со законските одредби, односно дали:

- активностите се реализираат во соработка со општините/градот Скопје, и
- програмата ги следи потребите утврдени од училишниот одбор и советот на општината/градот Скопје и Педагошката служба.
-

**Секција 2: Јасно дефинирани и остварливи цели**

Се наведуваат целите на програмата, при што се внимава целите да бидат конкретни, мерливи, остварливи, реални и временски ограничени.

**Секција 3: План за минимум три реализирани средби во рамки на една активност**

Се прикажува краток план на активности, при што за секоја активност се планираат најмалку три средби на учесниците (ученици, вработени, родители/старатели). Се запишува временската рамка на реализација, поврзаноста на активноста со целите на програмата, како и кој ќе биде реализатор на активностите.

**Секција 4: Примена на иновативен пристап (нови методи, техники, креативни пристапи)**

Се опишува текот на активноста од аспект на употреба на иновативни методи, интерактивни алатки и креативни пристапи при реализацијата, со активно учество на учесниците во програмите.

**Секција 5: Конкретни резултати/продукти**

Се запишуваат очекуваните резултати/продукти од реализацијата на активностите во програмата. Притоа се внимава, тие да бидат јасно формулирани и поврзани со целите на програмата, мерливи и остварливи.

**Секција 6: Вклученост на ученици**

Се дава приказ на вкупниот број на ученици вклучени во активностите. Се запишува процесот на избор на учениците за учество во активностите.

**Секција 7: Вклученост на вработени**

Се дава приказ на вкупниот број на вработени вклучени во активностите. Се запишува процесот на избор на вработени за учество во активностите.

**Секција 8: Вклученост на родители/старатели**

Се дава приказ на вкупниот број на родители/старатели вклучени во активностите. Се запишува процесот на избор на родители/старатели за учество во активностите.

**Секција 9: Одржливост на активностите**

Се запишува какви активности се планираат да се реализираат по завршување на активностите кои би биле поддржани од грантот. Се запишува и како истите се поврзани со целите на програмата.

**Секција 10: Буџет и економичност**

Се запишуваат вкупните трошоци потребни за реализација на активностите. Потоа, се наведуваат видовите на трошоци по ставки. За секоја ставка од трошоците се запишуваат следните податоци: Вид на трошок - количина - единечна цена - вкупно.

**Секција 11: Евалуација и мерење на резултати**

Се опишува методологијата за следење и евалуација на активностите, со јасно наведени индикатори, начини на мерење и анализа на постигнатите резултати и промени.